**АД НОВА СТОКОВНА КУЌА СТРУМИЦА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОР НА АД НОВА СТОКОВНА КУЌА СТРУМИЦА

**Струмица, март 2022**

**Извештај на одбор на директори на**
**АД НОВА СТОКОВНА КУЌА во деловната 2022 година**

## 1.Основни податоци

Акционерско друштво е запишано во Трговскиот Регистар во рамките на ЦРМ со целосен назив Акционерско друштво Нова Стоковна куќа АД со седиште на улица Благој Јанков Мучето бр.25 ЕДБ:4027001130706, ЕМБС: 5537266

Приоритетна дејност на Друштвото е: 68.20 Издавање и управување со сопствен имот или недвижен имот земен под закуп .

Вкупната главнина на Акционерско Друштво изнесува 77.637.800 денари, непаричен влог.

## 2.Седници

Одборот на директори во деловната 2022 година одржа три седници. Седниците се одржуваа непречено и на истите имаше кворум за работа. На седниците на ОД беа разгледувани материјалите за Собрание на акционерите и беа разгледувани тековните прашања.

## 3.Акционерска книга

На ден 31.12.2022 година во Акционерската книга издадена од централниот депозитар за хартии од вредност состојбата е следната:

Во Акционерската книга се заведени 4 акционери со вкупен број 1249 обични акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 1.000 евра. Мегународен идентификациски број на акции издадени од АД-ИСИН бр. MKNOSK101013.

## 4.Остварување на приходи

Во тековната 2022 година друштвото оствари вкупни приход од 22.757 илјади денари, а во 2021 година 17.097 илјади денари

## 5.УПРАВУВАЊЕ

### 5.1 Главни фактори кои имат влијание врз работењето на АД НОВА СТОКОВНА КУЌА

Најглавните фактори кои имат влијание врз работењето на друштвото се макроекономската политика, како и куповната моќ на друштвата клиенти.

### 5.2 Начин на управување

Начинот на управување на друштво е еднostепен со кои управува одборот на директори

## 5.3 Политика на вложување

Најзначајниот дел од вложувањето се врши во градежни објекти. Иако во РСМ не е многу развиена берзанската активност Друштвото во 2022 година вложуваше во акции на Македонската берза, со што го зголеми портфолиото на хартии од вредност.

## 5.4 Политика на дивидента

АД НОВА СТОКОВНА КУЌА во текот на 2022 не изврши исплата на дивидинда.

## 5.5 Извори на средства на АД

Изворите на средства се остваруваат од издавање на закуп на деловниот објект и користење на кредити од деловните банки.

## 5.6 Изгледи за иден развој

Својата долгорочна политика друштвото ја насочува кон зголемување на капиталот и приходување на средствата кои ќе се вложат во пласман на капитал, што е и основната преокупација на друштвото, како и можност за нови дејности кое друштвото ќе може да ги развива.

## 6. Организациона поставеност и број на вработени

Највисоки органи на управување во Ад Нова Стоковна куќа се собрание на акционери и одбор на директори. Бројот на вработени изнесува 1 лице.

# 7.ОБВРСКИ, ПОБАРУВАЊА, ЛИКВИДНОСТ

## 7.1 Ликвидност

Во текот на деловната 2022 година АД Нова Стоковна куќа се трудеше да ја задржи ликвидноста на друштвото, навремено ги подмируваше своите обврски.

## 7.2 Побарувања на крајот од годината

На крајот од годината,односно 31.12.2022. година АД НОВА СТОКОВНА КУЌА имаше побарувања и тоа од:

| Опис | 2022 г. | 2021 г |
|---|---|---|
| побарувања од купувачи | 632.629 | 1.021.158 |
| побарувања за даноци | 22.052 | 360.416 |
| **вкупно** | **654.681** | **1.381.574** |

## 7.3 Состојба на жиро сметка

Состојбата на жиро сметките на ден 31.12.2022 година изнесува 30.329 денари.

### 7.4 Обврски на крајот од година

На крајот од годината,односно 31.12.2022. година АД Нова Стоковна Куќа имаше обврски и тоа од:

| Опис | 2022 г. | 2021 г. |
|---|---|---|
| обврски кон добавувачи | 2.202.312 | 97.001 |
| обврски за аванси депозити и кауции | 655.195 | 749.521 |
| обврски кон државата | 827.709 | 780.436 |
| обврски по заеми и кредити | 104.957.837 | 97.072.749 |
| обврски кон вработените | 35.100 | 0 |
| **вкупно** | **108.678.153** | **98.699.707** |

## 8.Остварени финансиски резултати

Во 2022 година искажавме позитивен финансиски резултат со добивка од 782.397 денари, а во 2021 година 167.555 денари.

| *БИЛАНС НА УСПЕХ* | *2022 г.* | *2021 г.* |
|---|---|---|
| Приходи од работење | 22.757.193 | 17.097.424 |
| Расходи од работење | 20.812.098 | 16.495.243 |
| Добивка пред оданочување | 1.945.095 | 602.181 |
| Данок на добивка | 1.162.698 | 434.626 |
| Нето добивка за деловната година | 782.397 | 167.555 |

## 10.Судски спорови во деловната 2022 година

Друштвото нема поведено судски постапки.

Раководството не очекува одливи по основ на судски постапки.

ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР
ЦВЕТА БЕЛЧОВСКА

______________________________